СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
НА ОПШТИНА ОХРИД

| | |
|---|---|
| **СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ОХРИД**<br>**ИЗЛЕГУВА ПО ПОТРЕБА**<br>**ОГЛАСИ ПО ТАРИФАТА** | **О Х Р И Д**<br>**30.06.2008**<br>**БРОЈ 4 ГОДИНА 43** |

## С О Д Р Ж И Н А

1. Одлука за дополнување на Одлуката за основање на Јавно претпријатие за изградба, одржување и користење на спортски објекти и јавни паркинг простори — 2

2. Одлука за измена на Одлуката за општински линиски превоз на патници во општина Охрид — 3

3. Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за организирање на режимот на сообраќај во општина Охрид — 5

4. Одлука за давање согласност на Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на цени за вонредно чистење на улиците бр.02-451/03 од 26.04.2004 г. — 5

5. Одлука за усвојување на Извештајот за остварените резултати од работењето на ЈП „Охридски Комуналец“-Охрид во периодот од 01.01.2008 год. до 31.03.2008 година — 7

6. Одлука за усвојување на тримесечниот Извештај на РЕ „Водовод“ и РЕ „Колектор“-Охрид за периодот од 01.01.2008 год. до 31.03.2008 година — 7

7. Заклучок — 8

8. Одлука за давање согласност на Одлуката за утврдување на цените на услугите што ги врши ЈП „Охридски Комуналец“- Охрид — 9

9. Одлука за формирање локален совет за превенција за подрачјето на општина Охрид — 9

10. Одлука за утврдување Нацрт детален урбанистички план за УЗ 6 дел од Урбан Блок 6.1 - општина Охрид — 11

11. Одлука за утврдување Нацрт детален урбанистички план за УЗ 1 дел од Урбан Блок 1.3. Опфат 1 - 2007 – 2012 год. — 12

12. Одлука за донесување Детален урбанистички план за плански опфат вон населено место Лагадин - Пештани општина Охрид дел од УБ 9, 2006 - 2016 год. — 13

13. Одлука за утврдување на висината на надоместокот за користење на промотивно информативен банер на официјалната веб страница на општина Охрид — 14

14. Одлука за давање согласност на Одлуката на МЈП „Проаква“- Струга како содружник — 15

да учествува во основање на Друштвото со ограничена одговорност, за реализација на Проектот за изградба и стопанисување на две мали хидроелектрани кои би се изградиле на гравитациониот водоснабдителен систем „Горно белички извори“Струга

15. Одлука за одобрување на проектот за меѓуопштинска соработка помеѓу општината Охрид и општината Дебрца во рамките на шемата на грантови на ОБСЕ за меѓуопштинска соработка за 2008 16

16. Заклучок 16

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 70 став 1 точка 3 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.6/03), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**за прогласување на Одлука за дополнување на Одлуката за основање на Јавно претпријатие за изградба, одржување и користење на спортски објекти и јавни паркинг простори**

**СЕ ПРОГЛАСУВА,** Одлука за дополнување на Одлуката за основање на Јавно претпријатие за изградба, одржување и користење на спортски објекти и јавни паркинг простори, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 26.06.2008 година.

**Број 08-1403/3** **ОПШТИНА ОХРИД**
**26.06.2008 год.** **Градоначалник,**
**О х р и д** **Александар Петрески с.р.**

Врз основа на член 2 од Законот за јавни претпријатија, член 22-а од Законот за спортот и член 18 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 26.06.2008 год. донесе

**О Д Л У К А**
**за дополнување на Одлуката за основање на Јавно претпријатие за изградба, одржување и користење на спортски објекти и јавни паркинг простори**

**Член 1**

Со оваа Одлука се врши дополнување на Одлуката за основање на Јавно претпријатие за изградба, одржување и користење на спортски објекти и јавни паркинг простори бр. 07- 344/16 од 28.02. 2008 год.

**Член 2**

После членот 9 се додава нов член 9-а кој гласи:

Вработените во ЈП „ Охридски Комуналец“ Охрид и тоа: Драги Кесковски, Раде Велјаноски, Живко Јолески, Гоце Србиноски, Димитри Цветкоски, Владо Милошески, Ирак Каневче, Илче Каланоски, Сребрен Аполески, Ѓуро Николоски, Сашо Василески, Мирослав Ставрески и Игор Упарчески кои извршуваат работи на одржување на спортските објекти и стопанисување со паркинг просторите се преземаат на работа во Јавното претпријатие за изградба, одржување и користење на спортски објекти и јавни паркинг простори сметано од 01.07.2008 год.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во “Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 07-1403/3** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**26.06.2008 г.** **Претседател,**
**О х р и д** **Владо Чингоски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 70 став 1 точка 3 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.6/03), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**за прогласување на Одлуката за измена на Одлуката за општински линини превоз на патници во општина Охрид**

**СЕ ПРОГЛАСУВА,** Одлуката за измена на Одлуката за општински линини превоз на патници во општина Охрид, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 26.06.2008 година.

**Број 08-1403/4** **ОПШТИНА ОХРИД**
**26.06.2008 год.** **Градоначалник,**
**О х р и д** **Александар Петрески с.р.**

Врз основа на член 22 од Законот за превоз во патниот сообраќај („Сл.весник на РМ“ бр.68/04 и 127/06) и член 18 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 26.06.2008 год. донесе

**О Д Л У К А**
**за измена на Одлуката за општински линини превоз на патници во општина Охрид**

**Член 1**

Со оваа Одлука се вршат измени на Одлуката за општински линиски превоз на патници во општина Охрид бр.07-2488/10 од 12.10.2005 година.

**Член 2**

Во членот 6 став 1 во колона 4 (траса на линијата) од табелата се вршат следниве измени:

Во точката 1 од табелата после двете точки се бришат зборовите: „Партизанска“, „Јане Сандански“, „Питу Гули“, „7/ми Ноември“, „Железничка“, „Кленоец“, „Р.Новичиќ“, с.Д.Лакочереј, с.Г.Лакочереј.

Во точката 2 од табелата после двете точки се бришат зборовите: „Партизанска“, „Јане Сандански“, „Питу Гули“, „7/ми Ноември“, маг.пат М5, с.Свињишта, с.Куратица, и се заменуваат со зборовите: ул.„Железничка“, бул.„Туристичка“, ул.„Јане Сандански“, ул.„Питу Гули“, ул.„7/ми Ноември“, ул.„15/ти Корпус“, с.Лескоец, с.Косел, с.Опеница, с.Свињишта, с.Куратица.

Во точката 3 од табелата после двете точки се бришат зборовите: „Партизанска“, „Јане Сандански“, „Питу Гули“, „7/ми Ноември“, маг.пат М5, с.Свињишта, с.Куратица, и се заменуваат со зборовите: ул.„Железничка“, бул.„Туристичка“, ул.„Јане Сандански“, ул.„Питу Гули“, ул.„7/ми Ноември“, ул.„15/ти Корпус“, с.Лескоец, с.Косел

Во точката 4 од табелата после двете точки се бришат зборовите: „Партизанска“, „Јане Сандански“, „Питу Гули“, „7/ми Ноември“, „Живко Чинго“, с.Велгошти, и се заменуваат со зборовите: ул.„Железничка“, бул.„Туристичка“, ул.„Јане Сандански“, ул.„Питу Гули“, ул.„7/ми Ноември“, ул.„Живко Чинго“, с.Велгошти.

Во точката 5 од табелата после двете точки се бришат зборовите: „Партизанска“, „Јане Сандански“, „Питу Гули“, „7/ми Ноември“, маг.пат М5, с.Лакочереј, с.Косел, с.Вапила, с.Ливоишта, и се замрнуваат со зборовите: ул.„Железничка“, бул.„Туристичка“, ул.„Јане Сандански“, ул.„Питу Гули“, ул.„7/ми Ноември“, ул.„15/ти Корпус“, с.Лескоец, с.Косел, с.Вапила, с.Ливоишта.

Во точката 6 од табелата после двете точки се бришат зборовите: „Партизанска“, „Јане Сандански“, бул.„Туристичка“, рег.пат 501, с.Елшани, и се заменуваат со зборовите: ул.„Железничка“, бул.„Туристичка“, рег.пат 501, с.Елшани.

Во точката 7 од табелата после двете точки се бришат зборовите: „Партизанска“, „Јане Сандански“, бул.„Туристичка“, рег.пат 501, с.Пештани, и се заменуваат со зборовите: ул.„Железничка“, бул.„Туристичка“, рег.пат 501, с.Пештани.

Во точката 8 од табелата после двете точки се бришат зборовите: „Партизанска“, „Јане Сандански“, бул.„Туристичка“, рег.пат 501, Св.Наум, и се заменуваат со зборовите: ул.„Железничка“, бул.„Туристичка“, рег.пат 501, Св.Наум.

Во точката 9 од табелата после двете точки се бришат зборовите: „Партизанска“, „Јане Сандански“, „Питу Гули“, „7/ми Ноември“, бул.„Туристичка“, „Гоце Делчев“, с.Подмоље, и се заменуваат со зборовите: ул.„ Питу Гули “, ул.„ Јане Сандански “, бул.„Туристичка“, с.Подмоље.

**Член 3**

Во членот 14 се додава нов член 14-а кој гласи:

„Во периодот од 15.06. до 31.08. секоја година Одделението за комунален развој и сообраќај при општина Охрид изготвува и реализира дополнителен сезонски возен ред за следните линии:

- Охрид – Св.Стефан – Охрид
- Охрид – Лагадин – Охрид
- Охрид – Градиште - Охрид

**Член 4**

Во член 29 став 1 во табелата после точка 52 се додава нова точка 53 и истата гласи:

„Бул.„Туристичка“ до „зграда Печијаре“.

**Член 5**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во “Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 07-1403/4**
**26.06.2008 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател,**
**Владо Чингоски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 70 став 1 точка 3 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.6/03), Градоначалникот на општина Охрid го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**За прогласување на Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за организирање на режимот на сообраќај во општина Охрид**

**СЕ ПРОГЛАСУВА,** Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за организирање на режимот на сообраќај во општина Охрид, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 26.06.2008 година.

**Број 08-1403/5**
**26.06.2008 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник,**
**Александар Петрески с.р.**

Врз основа на член 62 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и врз основа на член 18 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 30.04.2008 год. донесе

**О Д Л У К А**
**за изменување и дополнување на Одлуката за организирање на режимот на сообраќај во општина Охрид**

**Член 1**

Со оваа Одлука се вршат измени и дополнувања на Одлуката за организирање на режимот на сообраќај во Општина Охрид со број 07-1337/3 од 29.06.2007 година.

**Член 2**

Во член 2 став 1 алинеја 1 се менува и истата гласи:

„ - улицата „Кирил и Методиј„ од насока на улица „Гоце Делчев„ во насока према локалитет „Горна Порта„ , /оваа измена е за летниот режим, а после 31.08.2008 на оваа улица ќе се одвива двонасочен сообраќај,“

Во алинеја 6 броевите “01.09.07“ се заменуваат со броевите “31.08.2008“,

Во алинеја 7 броевите “31.08.2007“ се заменуваат со броевите “31.08.2008“,

Во член 2 став 1 се додава нова алинеа 14 која гласи:

Улицата „Дејан Војвода“ од раскрсницата со ул.„ Пирин Планина“до раскрсницата со ул.„Абас Емин“.

**Член 3**

Во член 4 став 1 алинеја 1 се менува и истата гласи:

„ - паркинг -просторот позади НУ Центар за култура “Григор Прличев“-Охрид.“,

Во алинеја 6 броевите „01.09.2007“ се заменуваат со броевите „31.08.2008“,

Во алинеја 8 броевите „31.08.2007“ се заменуваат со броевите „31.08.2008“.

**Член 4**

Во член 5 став 2 броевите “01.09.2007“ се заменуваат со броевите “31.08.2008“.

Во член 5 после став 5 се додава нов став 6 кој гласи:

“ На улиците „Гоце Делчев“ и тоа по целата должина, улицата “Македонски Просветители“ и тоа на десната страна гледано во насока према езеро, како и на улицата „Димитер Влахов“ и тоа од пресекот на оваа улица со улицата “Мите Богоески“ па до крај и тоа од десната страна гледано во насока према улицата “Македонски Просветители“, се забранува запирање и паркирање на сите видови возила.

Во член 5 се додава нов став 7 кој гласи:

„ Во стариот дел на градот во времето од 20,оо часот до 05,оо часот се забранува движење на моторцикли и велосипеди со мотор во периодот од 01.07.2008 год до 31.08.2008 год.

**Член 5**

Во член 6 став 1 броевите „01.09.2007“ се заменуваат со броевите „31.08.2008“

**Член 6**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, ќе се објави во „Сл.гласник на Општина Охрид“ и ќе се применува од 01.07.2008.

**Број 07-1403/5**
**26.06.2008 г.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател,**
**Владо Чингоски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 70 став 1 точка 3 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.6/03), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**за прогласување на Одлуката за давање согласност на Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на цени за вонредно чистење на улиците бр.02-451/03 од 26.04.2004 година**

**СЕ ПРОГЛАСУВА,** Одлуката за давање согласност на Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на цени за вонредно чистење на улиците бр.02-451/03 од 26.04.2004 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 26.06.2008 година.

**Број 08-1403/6** **ОПШТИНА ОХРИД**
**26.06.2008 год.** **Градоначалник,**
**О х р и д** **Александар Петрески с.р.**

Врз основа на член 62 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и врз основа на член 18 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 30.04.2008 год. донесе

**О Д Л У К А**
**за давање согласност на Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на цени за вонредно чистење на улиците бр.02-451/03 од 26.04.2004 година**

**Член 1**

**СЕ ДАВА СОГЛАСНОСТ** на Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на цени за вонредно чистење на улиците бр. 02-451/03 од 26.04.2004 година, донесена од Управниот одбор на ЈП „ Охридски Комуналец“Охрид.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Охрид„

**Број 07-1403/6** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**26.06.2008 год.** **Претседател,**
**О х р и д** **Владо Чингоски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 70 став 1 точка 3 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.6/03), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**за прогласување на Одлуката за усвојување на Извештајот за остварените резултати од работењето на ЈП „Охридски Комуналец“-Охрид во периодот од 01.01.2008 год. до 31.03.2008 година**

**СЕ ПРОГЛАСУВА,** Одлуката за усвојување на Извештајот за остварените резултати од работењето на ЈП„Охридски Комуналец“-Охрид во периодот од 01.01.2008 год. до 31.03.2008 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 26.06.2008 година.

**Број 08-1403/7** **ОПШТИНА ОХРИД**
**26.06.2008 год.** **Градоначалник,**
**О х р и д** **Александар Петрески с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр. 5/02) и член 18 став 1 точка 9 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 26.06.2008 година донесе:

**О Д Л У К А**
**за усвојување на Извештајот за остварените резултати од работењето на ЈП „Охридски Комуналец“-Охрид во периодот од 01.01.2008 год. до 31.03.2008 година**

**Член 1**

**СЕ УСВОЈУВА** Извештајот за остварените резултати од работењето на ЈП„Охридски Комуналец“ Охрид во периодот од 01.01.2008 год. до 31.03.2008 год.

**Член 2**

Составен дел на оваа одлука е Заклучокот бр.03-408/2од 22.04.2008 год. од Надзорниот одбор и Одлуката за усвојување на Извештајот за остварените резултати од работењето на ЈП „Охридски Комуналец“ Охрид во периодот од 01.01.2008 год. до 31.03.2008 год. бр.02- 443/3 8.05.2008 год.од Управниот одбор на ЈП „Охридски Комуналец“ Охрид.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во “Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 07-1403/7** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**26.06.2008 год.** **Претседател,**
**О х р и д** **Владо Чингоски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 70 став 1 точка 3 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.6/03), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**за прогласување на Одлуката за усвојување на тримесечниот извештај на РЕ Водовод и РЕ Колектор - Охрид за периодот од 01.01.2008 г. до 31.03.2008 год.**

**СЕ ПРОГЛАСУВА,** Одлуката за усвојување на тримесечниот извештај на РЕ Водовод и РЕ Колектор - Охрид за периодот од 01.01.2008 г. до 31.03.2008 год., што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 26.06.2008 година.

**Број 08-1403/8** **ОПШТИНА ОХРИД**
**26.06.2008 год.** **Градоначалник,**
**О х р и д** **Александар Петрески с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр. 5/02) и член 18 став 1 точка 9 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 26.06.2008 година донесе:

**О Д Л У К А**
**за усвојување на тримесечниот извештај на РЕ Водовод и РЕ Колектор - Охрид за периодот од 01.01.2008 г. до 31.03.2008 год.**

**Член 1**

**СЕ УСВОЈУВА** тримесечниот извештај на РЕ „Водовод“ и РЕ„Колектор“ Охрид за период од 01.01.2008 год. до 31.03.2008 год.

**Член 2**

Составен дел на оваа одлука е Одлуката за усвојување на тримесечниот извештај бр. 02-2198/5 од 27.05.2008 год. донесена од Управниот одбор на МЈП „Проаква“ Струга .

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во “Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 07-1403/8** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**26.06.2008 год.** **Претседател,**
**О х р и д** **Владо Чингоски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 70 став 1 точка 3 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.6/03), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**за прогласување на Заклучокот**

**СЕ ПРОГЛАСУВА,** Заклучокот , што го донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 26.06.2008 година.

**Број 08-1403/8-1** **ОПШТИНА ОХРИД**
**26.06.2008 год.** **Градоначалник,**
**О х р и д** **Александар Петрески с.р.**

Врз основа на член 18 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 26.06.2008 год. го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**

„ Се задолжува градоначалникот на општина Охрид , органите на општината Охрид, органите на општина Струга, органите на двете јавни претпријатија, државната власт и јавноста да преземат активности и мерки за да се конкретизира поделбата на МЈП „ Проаква“ меѓу двете општини.“

**Број 07-1403/8-1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**26.06.2008 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Владо Чингоски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 70 став 1 точка 3 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.6/03), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**за прогласување на Одлуката за давање согласност на Одлуката за утврдување на цените на услугите што ги врши ЈП„Охридски Комуналец“-Охрид**

**СЕ ПРОГЛАСУВА,** Одлуката за давање согласност на Одлуката за утврдување на цените на услугите што ги врши ЈП„Охридски Комуналец“-Охрид, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 26.06.2008 година.

**Број 08-1403/ 9**
**26.06.2008 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник,**
**Александар Петрески с.р.**

Врз основа на член 62 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) член 18 од Статутот на општина Охрид („Сл. гласник на општина Охрид“ бр. 8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 26.06.2008 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**за давање согласност на Одлуката за утврдување на цените на услугите што ги врши ЈП„Охридски Комуналец“-Охрид**

**Член 1**

**СЕ ДАВА СОГЛАСНОСТ** на Одлуката за утврдување на цените на услугите што ги врши ЈП „ Охридски Комуналец“ Охрид .

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Охрид“.

**Број 07-1403/9**
**26.06.2008 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател,**
**Владо Чингоски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 70 став 1 точка 3 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.6/03), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**за прогласување на Одлуката за формирање Локален совет за превенција за подрачјето на општина Охрид**

**СЕ ПРОГЛАСУВА,** Одлуката за формирање Локален совет за превенција за подрачјето на општина Охрид, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 26.06.2008 година.

**Број 08-1403/10**
**26.06.2008 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник,**
**Александар Петрески с.р.**

Врз основа на член 62 од Законот за Локалната самоуправа (Сл.весник на РМ бр.5/02) и член 18 од Статутот на Општина Охрид (Сл.гласник на Општина Охрид бр.8/07), Советот на Општина Охрид на седницата одржана на ден 26.06.2008 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**за формирање Локален совет за превенција за подрачјето на општина Охрид**

**Член 1**

Со оваа Одлука се формира Локален Совет за превенција за подрачјето на општина Охрид.

**Член 2**

Локалниот Совет за превенција на подрачјето на општина Охрид ќе го сочинуваат :

- Александар Петрески (Градоначалник)
- Добре Петревски ( Командир на полициска станица)
- Гоце Мартиноски (Јавен обвининител)
- Владо Чингоски (Претседател на Совет )
- Наташа Костоска ( Советник )
- Љубомир Чаулев ( Советник)
- Бранислав Трпчески ( Советник)
- Гоце Дишлиески ( Советник)
- Илбер Доко ( Советник )
- Димитрија Врвезоски ( Секретар на општина)
- Спасе Прентоски ( Командир на ТППЕ)
- Митре Велјаноски ( Сектор за јавни дејности )
- Зоран Шикалоски (Одделение за комунален развој и сообраќај )
- Васе Врангалоска ( Локални медиуми)
- Наде Мартиноска ( Здружение на жени „ Бисера“)
- Димче Каневче ( Младински совет)
- Билјана Наумоска (Ц С Р )

**Член 3**

Локалниот Совет за превенција има за задача да изгради хармонични односи помеѓу полицијата и граѓаните.

**Член 4**

Оваа Олдука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на Општина Охрид“.

**Бр.07-1403/10**
**26.06. 2008 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател,**
**Владо Чингоски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 70 став 1 точка 3 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.6/03), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**за прогласување на Одлуката за утврдување на Нацрт детален урбанистички план за УЗ 6 дел од урбан блок 6.1 општина Охрид**

**СЕ ПРОГЛАСУВА,** Одлуката за утврдување на Нацрт детален урбанистички план за УЗ 6 дел од урбан блок 6.1 опфат Крст џамија општина Охрид, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 26.06.008 година.

**Број 08-1403/11**
**26.06.2008 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник,**
**Александар Петрески с.р.**

Врз основа на член 11, 22, 24 и 26 став 5 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Сл.весник на РМ“ бр.24/08) и врз основа на член 18 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр. 8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 26.06.2008 година, донесе:

**О Д Л У К А**
**за утврдување на Нацрт детален урбанистички план за**
**УЗ 6 дел од урбан блок 6.1 општина Охрид**

**Член 1**

Со оваа Одлука се утврдува Нацрт **-** детален урбанистички план за **У**рбана заедница **6** дел од урбан блок 6.1.

**Член 2**

Со овој нацрт урбанистички план се опфаќа простор со површина од 9,3 ha.

Просторот на планскиот опфат по Нацрт **-** деталниот урбанистички план за **У**рбана заедница **6** дел од урбан блок 6.1. е опфат на границите:

ул„Туристичка“, ул.„ 7-ми Ноември“, ул. „Богомилска“, ул.„ Марко Несторoски “ и ул.„ Даме Груев“.

**Член 3**

Нацрт **-** деталниот урбанистички план за **У**рбана заедница **6** дел од урбан блок 6.1. со тех. бр. 31/07 изработен од ИН – ПУМА Скопје содржи:

- планиран развој – текстуален дел и графички прилог;
- документациона основа со текстуален дел и графички прилози.

**Член 4**

Градоначалникот ќе организира јавна презентација и јавна анкета по Нацрт **-** детален урбанистички план за **У**рбана заедница **6** дел од урбан блок 6.1.

**Член 5**

Јавната презентација и јавната анкета за планот од член 4 на оваа Одлука ќе се спроведе со излагање на планот на јавно место – Општина Охрид.

Јавната анкета ќе трае 10 работни денови во кој рок заинтересираните граѓани и правни лица од конкретното подрачје опфатено со планот ќе можат да доставaт забелешки, предлози и мислења на анкетни листови.

**Член 6**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Охрид“.

**Бр. 07- 1403/ 11** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**26 .06.2008 год.** **Претседател,**
**О х р и д** **Владо Чингоски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 70 став 1 точка 3 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.6/03), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**за прогласување Одлуката за утврдување Нацрт детален урбанистички план за**
**УЗ 1 дел од урбан блок 1.3 опфат 1 - 2007-2012 год.**

**СЕ ПРОГЛАСУВА,** Одлуката за утврдување Нацрт детален урбанистички план за УЗ 1 дел од урбан блок 1.3 опфат 1 - 2007-2012 год., што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 26.06.2008 година.

**Број 08-1403/12** **ОПШТИНА ОХРИД**
**26.06.2008 год.** **Градоначалник,**
**О х р и д** **Александар Петрески с.р.**

Врз основа на член 11, 22, 24 и 26 став 5 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Сл.весник на РМ“ бр.24/08) и врз основа на член 18 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр. 8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 26.06. 2008 година, донесе:

**О Д Л У К А**
**за утврдување Нацрт детален урбанистички план за**
**УЗ 1 дел од урбан блок 1.3 опфат 1 - 2007-2012 год.**

**Член 1**

Со оваа Одлука се утврдува Нацрт **-** детален урбанистички план за **У**рбана заедница **1** дел од урбан блок 1.3 опфат 1 2007-2012 год.

**Член 2**

Со овој нацрт урбанистички план се опфаќа простор со површина од 4,88 ha.

Просторот на планскиот опфат по Нацрт **-** деталниот урбанистички план за **У**рбана заедница **1** дел од урбан блок 1.3 опфат 1 – пазар 2007-2012 год ги опфаќа границите :

• На исток оди по осовина на ул.„Македонски просветители“

• На југ оди по осовината на ул.„Даме Груев“, преку плоштадот кај чинарот и по осовина на ул. „Кузман Јосифоски- Питу“ и по осовина на пешачка патека

• На запад границата оди по ул.„Абас Емин“.

• На север границата оди по осовината на ул. „ Туристичка“.

**Член 3**

Нацрт **-** деталниот урбанистички план со тех.бр.237/2008 изработен од ИН – ПУМА Скопје содржи:

- планиран развој – текстуален дел и графички прилог;
- документациона основа со текстуален дел и графички прилози.

**Член 4**

Градоначалникот ќе организира јавна презентација и јавна анкета по Нацрт **-** деталниот урбанистички план за **У**рбана заедница **1** дел од урбан блок 1.3 опфат 1 2007-2012 год.

**Член 5**

Јавната презентација и јавната анкета за планот од член 4 на оваа Одлука ќе се спроведе со излагање на планот на јавно место – Општина Охрид.

Јавната анкета ќе трае 10 работни денови во кој рок заинтересираните граѓани и правни лица од конкретното подрачје опфатено со планот ќе можат да доставaт забелешки, предлози и мислења на анкетни листови.

**Член 6**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Охрид“.

**Бр. 07-1403/12**
**26.06.2008 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател,**
**Владо Чингоски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 70 став 1 точка 3 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.6/03), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**за прогласување Одлуката за донесување Детален урбанистички план за**
**плански опфат вон населено место Лагадин - Пештани општина Охрид**
**дел од УБ 9 2006-2016 година**

**СЕ ПРОГЛАСУВА,** Одлуката за донесување Детален урбанистички план за плански опфат вон населено место Лагадин - Пештани општина Охрид дел од УБ 9 2006-2016 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 26.06.2008 година.

**Број 08-1403/ 13** — **ОПШТИНА ОХРИД**
**26.06.2008 год.** — **Градоначалник,**
**О х р и д** — **Александар Петрески с.р.**

Врз основа на член 13,22, 25 и 26 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Сл.весник на РМ“ бр.24/08) и врз основа на член 18 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр. 8/07), Советот на општина Охрид на седницата, одржана на ден 26.06.2008 година ја донесе следната:

## О Д Л У К А
### за донесување Детален урбанистички план за плански опфат вон населено место Лагадин - Пештани општина Охрид дел од УБ 9 2006-2016 година

**Член 1**

Се донесува детален урбанистички план за плански опфат вон населено место Лагадин – Пештани општина Охрид дел од УБ 9, 2006-2016

**Член 2**

Со планот од член 1 на оваа Одлука се опфаќа простор со површина од 1,29 Ха.

Просторот на планскиот опфат во дел УБ 9 на потегот Лагадин Пештани, ограничен е со планирани сообраќајници според постојниот ДУП од 1998 год.

**Член 3**

Деталниот урбанистички план за плански опфат вон населено место Лагадин – Пештани општина Охрид дел од УБ 9, 2006-2016 со Технички бр. 08/06 изработен од „УРБАН“ ДОО ОХРИД содржи: текстуален дел и графички приказ на планските решенија на опфатот, како и билансни показатели за планскиот опфат и за инфраструктурата.

**Член 4**

Деталниот урбанистички план за плански опфат вон населено место Лагадин - Пештани општина Охрид дел од УБ 9, 2006-2016, се заверува со потпис и печат на претседателот на Советот на општина Охрид .

**Член 5**

Деталниот урбанистички план за плански опфат вон населено место Лагадин - Пештани општина Охрид дел од УБ 9, 2006-2016, се чува, следи и реализира во Секторот за урбанизам, заштита на животната средина и комунален развој.

**Член 6**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во “Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 07-1403/13** — **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**26.06. 2008 год.** — **Претседател**
**О х р и д** — **Владо Чингоски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 70 став 1 точка 3 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.6/03), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**за прогласување на Одлуката за утврдување на висината на надоместокот за користење на промотивно информативен банер на официјалната веб страница на општина Охрид**

**СЕ ПРОГЛАСУВА,** Одлуката за утврдување на висината на надоместокот за користење на промотивно информативен банер на официјалната веб страница на општина Охрид, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 26.06.2008 година.

**Број 08-1403/14**
**26.06.2008 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник,**
**Александар Петрески с.р.**

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02), член 18 од Статутот на општина Охрид („Сл. гласник на општина Охрид“ бр. 8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 26.06.2008 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**за утврдување на висината на надоместокот за користење на промотивно информативен банер на официјалната веб страница на општина Охрид**

**Член 1**
Со оваа Одлука се утврдува висината на надоместокот за користење на промотивно информативен банер на официјалната веб страница на општина Охрид.

**Член 2**
Големината на информативниот банер ќе изнесува 180 х 100 пиксели.

**Член 3**
Висината на надоместокот за користење на промотивно информативен банер на официјалната веб страница на општина Охрид изнесува 1.200,00 денари, за период од 12 месеци.

**Член 4**
Се овластува градоначалникот да ги потпишува договорите за користење на промотивно информативен банер.

**Член 5**
Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во “Сл.гласник на општина Охрид“.

**Бр. 07-1403/14**
**26.06.2008 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател,**
**Владо Чингоски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 70 став 1 точка 3 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.6/03), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**за прогласување на Одлуката за давање согласност на Одлуката на МЈП „Проаква“ Струга како содружник да учествува во основање на Друштво со ограничена одгворност, за реализација на проектот за изградба и стопанисување на две мали хидроелектрани кои би се изградиле на гравитациониот водоснабдителен систем „ ГОРНО БЕЛИЧКИ ИЗВОРИ“ Струга**

**СЕ ПРОГЛАСУВА,** Одлуката за давање согласност на Одлуката на МЈП „Проаква“ Струга како содружник да учествува во основање на Друштво со ограничена одгворност, за реализација на проектот за изградба и стопанисување на две мали хидроелектрани кои би се изградиле на гравитациониот водоснабдителен систем „ **ГОРНО БЕЛИЧКИ ИЗВОРИ**“ Струга, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 26.06.2008 година.

**Број 08-1403/15**
**26.06.2008 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник,**
**Александар Петрески с.р.**

Врз основа на член 62 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) член 18 од Статутот на општина Охрид („Сл. гласник на општина Охрид“ бр. 8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 26.06.2008 година, ја донесе следната :

**О Д Л У К А**
**за давање согласност на Одлуката на МЈП „Проаква“ Струга како содружник да учествува во основање на Друштво со ограничена одгворност, за реализација на проектот за изградба и стопанисување на две мали хидроелектрани кои би се изградиле на гравитациониот водоснабдителен систем „ ГОРНО БЕЛИЧКИ ИЗВОРИ“ Струга**

**Член 1**

Се дава согласност на Одлуката на МЈП „Проаква“ Струга како содружник да учествува во основање на Друштво со ограничена одговорност, за реализација на проектот за изградба и стопанисување на две мали хидроелектрани кои би се изградиле на гравитациониот водоснабдителен систем „ **ГОРНО БЕЛИЧКИ ИЗВОРИ**“ Струга.

**Член 1**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Охрид“.

**Број 07-1403/ 15**
**26.06.2008 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател,**
**Владо Чингоски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 70 став 1 точка 3 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.6/03), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**за прогласување на Одлуката за одобрување на проектот за меѓуопштинска соработка помеѓу општината Охрид и општината Дебрца во рамките на шемата на грантови на ОБСЕ за меѓуопштинска соработка за 2008 година**

**СЕ ПРОГЛАСУВА,** Одлуката за одобрување на проектот за меѓуопштинска соработка помеѓу општината Охрид и општината Дебрца во рамките на шемата на грантови на ОБСЕ за меѓуопштинска соработка за 2008 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 26.06.2008 година.

**Број 08-1403/16**
**26.06.2008 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник,**
**Александар Петрески с.р.**

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/2002) и чл.18 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07) Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 26.06.2008 година, донесе:

**О Д Л У К А**
**за одобрување на проектот за меѓуопштинска соработка помеѓу општината Охрид и општината Дебрца во рамките на шемата на грантови на ОБСЕ за меѓуопштинска соработка за 2008 година**

**Член 1**

**СЕ ОДОБРУВА** Проектот за меѓуопштинска соработка помеѓу општините-партнери: општина Охрид и општина Дебрца, а кој ќе се имплементира со средства од шемата на грантови за меѓуопштинска соработка за 2008 год. на Набљудувачката мисија на ОБСЕ во Скопје - Оддел за реформа на јавната администрација.

**Член 2**

За имплементацијата на Проектот од член1 на оваа одлука општините партнери ќе обезбедат сопствен придонес во вкупна вредност од 20 % од предвидениот буџет на проектот.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во („Сл.гласник на општината Охрид“.

**Број 07-1403/16**
**26.06.2008 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател,**
**Владо Чингоски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 70 став 1 точка 3 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.6/03), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**за прогласување на Заклучокот**

**СЕ ПРОГЛАСУВА,** Заклучокот, што го донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 26.06.2008 година.

**Број 08-1403/17**
**26.06.2008 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник,**
**Александар Петрески с.р.**

Врз основа на член 18 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 26.06.2008 год. го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**

Локалната самоуправа на општина Охрид се обврзува да подготви акционен план за управување со бучавата во животната средина, кој особено ќе содржи:

1. Анализа на постојната состојба со бучавата;
2. Процена на постојната состојба со бучавата;
3. Предвидувања и мерки за намалување и спречување на бучавата;
4. Изработка на периодични извештаи за состојбата со бучавата во животната средина.

**Број 07-1403/17**
**26.06.2008 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Владо Чингоски с.р.**